**Известување за концентрација со која НЛБ Склади, управување со средства, д.о.о. Словенија стекнува контрола над ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје Северна Македонија**
**(предмет бр. 08-169/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 27.11.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која НЛБ Склади, управување со средства, д.о.о. со регистрирано седиште на Тиволска цеста 48, 1000 Љубљана, Словенија, има намера да стекне самостојна контрола директно над Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје, со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14А/1-2, 1000 Скопје, Северна Македонија по пат на купопродажба на акции

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

Регистрираната приоритетна дејност на **НЛБ Склади** е управување со финансиски фондови.

НЛБ Склади е дел од НЛБ Групата. Во Северна Македонија, НЛБ Групата има две регистрирани поврзани друштва:

(1) НЛБ Банка АД Скопје, со регистрирано седиште на ул. Водњанска бр. 1, 1000 Скопје, Северна Македонија, со регистрираната приоритетна дејност 06.1 – банка ; и

(2) Друштво за лизинг НЛБ ЛЕАСЕ&ГО ДОО Скопје со регистрирано седиште на ул. Водњанска бр.1, 1000 Скопје, Северна Македонија, со регистрираната приоритетна дејност 64.91 – Финансиски лизинг и 77.11 Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на автомобили и моторни возила од лесна категорија.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација би можел да се дефинира како како услуги поврзани со дејности на управување со инвестициски фондови, додека географскиот опфат на пазарот е национален или пазарот на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

01.12.2023 година
Скопје